**Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски**[1]

# КОН ПОКВАЛИТЕТНИ ВЕШТАЧЕЊА ВО СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ – НОВИОТ ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.148:343.13(497.7)**

**Апстракт**

Авторот на трудот се занимава со прашањето за тоа како да се обезбеди подобар квалитет на вештачењата во судските постапки. Во голем број од кривичните постапки, утврдувањето во однос на тоа дали обвинетиот е виновен или не е зависи токму од вештачењето. Особено зашто судиите, обвинителите и адвокатите се потпираат токму врз знаењето на вештаците и нивната експертиза за разјаснување и утврдување на фактите на случајот, а посебно во однос на прашањата што се клучни за исходот на постапката, но истовремено се надвор од полето на вештините, теоретското и практичното знаење на судиите.

Понатаму, авторот се осврнува врз некои од главните причини што може да доведат до проблеми во поглед на користењето на вештачењето како доказно средство во кривичните постапки, од една страна, тие мора да бидат објективни и да дадат точна и непристрасна експертиза, но, од друга страна, како доказно средство, тие се предложени од некоја од страните во постапката – обвинителството или одбраната. Ова ја отвора дилемата за нивната непристрасност и губењето на кредибилитетот со тоа што постои можност да ја фаворизираат страната што ги ангажирала. Авторот нагласува дека ова прашање е од суштинско значење за пристапот до правдата и затоа му е потребна јасна законска регулатива.

Во оваа смисла, чекор кон подобри гаранции во областа на вештачењето се новите решенија во Предлог-законот за вештачење. Она што заслужува посебно внимание е тоа што предложениот Закон за вештачење поставува нови, построги и јасни критериуми за запишување на правните лица во Регистарот на

---

[1] Редовен професор на научната област Казнено процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

правни лица што вршат вештачење. Понатаму, предложениот закон го редефинира испитот за вештаци и знаењето што се проверува во текот на испитот, со тоа што повеќе се фокусира на тоа колку кандидатите за вештаци се запознаени се основните принципи на вештачењето, дали ја разбираат својата улога како вештаци и нивото на квалитет што мора да го има нивното вештачење. Истовремено, предложениот закон го зголемува и износот на задолжителното осигурување, а поставува и јасни правила за дисциплинска одговорност. Дополнително, авторот ја забележува и важноста од зајакнување на улогата на Комората на вештаци.

**Клучни зборови:** *вештаци, вештачење, непристрасност, Закон за вештачење, доказно средство, кривична постапка.*

## 1. Воведни напомени (потреба од донесување нов Закон за вештачење)

Вештаците (periti) се процесно незаинтересирани лица што се повикуваат врз основа на стручната подготовка или на вештината стекната со вршење на професијата да забележат одделни факти, околности или појави или за нив да го дадат своето мислење, бидејќи за тоа не се доволни стручната правна наобразба и општото образование на судијата.[2]

Улогата на вештаците е особено значајна ако се има предвид дека таа не се состои во тоа само да се презентираат доказите, туку да се разберат од страна на учесниците во постапката и со тоа да се премости јазот помеѓу нивното експертско знаење и секојдневното разбирање. Моќта на вештакот не лежи само во неговото знаење, туку и во неговиот кредибилитет, па, во таа насока, и вештак со поголем кредибилитет ќе им даде и поголема тежина на аргументите што ги презентира.[3]

Оттука, вештаците мора да бидат ослободени од каков било притисок или пристрасност, а ова подразбира и претпазливост во однос на тоа како се ангажирани и информирани за случајот. Вештакот што не е независен или кој е погрешно информиран може и ненамерно да ја „искриви“ својата анализа за да

[2] Г. Лажетиќ/Г. Калајџиев/Б. Мисоски/Д. Илиќ Димоски, Казнено процесно право (учебно помагало), УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2015.

[3] https://www.duidenver.com/blog/2024/june/how-do-expert-witnesses-help-criminal-cases-/#:~:text=The%20legal%20requirements%20for%20disclosure,the%20sanctity%20of%20the%20court.

ја усогласи со странатa што го ангажирала, што може да доведе и до погрешно сведочење, доведувајќи го судот во заблуда и потенцијално резултирајќи со неправилен исход на постапката.[4]

Исто така, вештачењето што ќе го подготви вештакот треба да произлегува единствено од неговото знаење, но не и да биде засновано врз негово „верување“ или „убедување“.[5] Ова бара посебно акцентирање ако се земе предвид дека некои од најголемите потфрлања на правдата често се должат токму на погрешни и неточни вештачења. Во истава смисла, погрешните и неточни вештачења се причина и за некои од најтешките потфрлања на правдата во англиското право, како што е, на пример, еден од најпознатите случаи – случајот на Сали Кларк.[6]

Во голем број од кривичните постапки, утврдувањето во однос на тоа дали обвинетиот е виновен или не е зависи токму од вештачењата. Судиите, обвинителите и адвокатите се потпираат врз знаењето на вештаците и нивната експертиза за разјаснување и утврдување на фактите на случајот, а особено во однос на прашањата што се клучни за исходот на постапката, но истовремено се надвор од полето на вештините, теоретското и практичното знаење на судиите. Ако во минатото имало судски предмети каде што кривичната постапка можела да заврши и без спроведено вештачење, современите облици на кривичните дела, како и современите начини за сторување на кривичните дела доведуваат до состојба што речиси и нема судски предмет во кој некоја од странките не предложила вештачење во листата на доказите. Голем е бројот на предмети каде што вообичаено има повеќе вештачења од различни области како примарни вештачења, а дополнително е тоа што има и голем број предмети каде што поради противречни вештачења од иста област се појавила основа за спроведување супервештачење.[7]

Оттука, од особено значење е при изготвување на вештачењето, вештаците да бидат објективни и да дадат точно, непристрасно мислење.

[4] https://www.psychologydirect.co.uk/news/expert-witness-integrity-balancing-credibility-with-independence-in-expert-witnesses-legal-testimony/.
[5] https://www.cps.gov.uk/prosecution-guidance/expert-evidence#_evi2.
[6] https://www.expertcourtreports.co.uk/blog/four-famous-expert-witness-cases/.
[7] Г. Лажетиќ/Г. Гајдова/С. Рајчев/А. Гоџо, Вештачењето во кривичната постапка – Прирачник за практичари, ЗКПКМ/ОБСЕ, Скопје, 2023, chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://www.osce.org/sites/default/files/f/documents/1/0/548920.pdf.

Опасноста од тоа да ја фаворизираат страната што ги ангажирала, со оглед на тоа дека како доказно средство се предложени од една од страните на постапката – обвинителството или одбраната, мора да се минимизира со јасна законска регулатива.

Во оваа смисла, чекор кон подобри гаранции во областа на вештачењето се новите решенија во Предлог-законот за вештачење. Имено, постојниот Закон за вештачење беше донесен во 2023 година[8], усогласен со европските стандарди во областа на вештачењето. Но, од неговото донесување, па сè досега се лоцирани голем број недостатоци и недоречености, кои доведоа до проблеми и дилеми во неговата примена во практиката, па дури и некои од одредбите се неприменливи. Оттука, потребата за донесување нов закон произлегува од недостатоците и празнините во Законот, кои се појавија од неговата досегашна примена, особено во однос на неколку клучни прашања, како што се: впишувањето на правните лица во Регистарот на правни лица, уредувањето на условите и постапка за стекнување со лиценца за вештачење, надлежен орган за издавање на лиценците и дисциплинските постапки.

## 2. Целите и начелата на Предлог-законот за вештачење

Целта за донесување на овој закон е целосно и системски да се уредат прашањата што произлегуваат од досегашната нецелосна регулатива во областа на вештачењето, со што ќе се воспостави јасна, функционална и правно обврзувачка рамка за регистрација, лиценцирање и надзор над правните и физичките лица што вршат вештачење.

Особено предвид беше земена потребата од прецизно уредување на условите за запишување на правните лица во Регистарот на правни лица што вршат вештачење, кој се води од страна на Министерството за правда. Со воспоставување на овие услови, Министерството конечно ќе може да постапува по барања за регистрација и да врши впишување релевантни субјекти во Регистарот. Отсуството на ваква регулатива досега резултираше со правна празнина, што создаваше правна несигурност и невозможност за водење регистар, а тоа директно влијаеше врз работата на судовите, адвокатите, граѓаните и другите процесни субјекти во судските постапки.

---

[8] Закон за вештачење, „Сл. весник на РСМ“ бр. 154/2023 од 20.07.2023 г.

Со Предлог-законот се уредени прашања што се однесуваат на вршењето вештачење, субјектите што вршат вештачење и основните начела по кои тие постапуваат, условите и постапката за полагање испит за вештак, услови за издавање, престанок или за одземање лиценца за вештачење, основите за определување награда и надоместок на трошоците за извршеното вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци, како и други прашања што се од значење за вршењето вештачење.

При вршењето вештачење, вештаците се должни да се придржуваат кон начелата на независност, законитост, стручност, чесност, непристрасност, професионалност, самостојност, економичност, одговорност, совесност, ефикасност, заштита на јавниот интерес, како и еднаквост. Согласно Предлог-законот, вештачењето треба да биде извршено стручно и совесно, во согласност со правилата на науката и струката и со етичките норми, како и навремено да биде доставено до барателот на вештачењето, во согласност со роковите утврдени со закон или во рокот определен од барателот.

Нацрт-законот за вештачење е објавен на ЕНЕР во јули 2025 година.

### 3. Субјекти што може да вршат вештачење

Една од најзначајните новини и промени во предложените законски одредби се однесува токму на тоа кои субјекти може да вршат вештачење. Ова е поради тоа што, согласно постојното законско решение, сериозен проблем се јавува со впишувањето на правните лица во Регистарот на правни лица. Оттука, една од основните цели на Предлог-законот е прецизно уредување на условите за запишување на правните лица во Регистарот на правни лица што вршат вештачење.

Имено, единствениот услов што Законот за вештачење од 2023 година го бара за правните лица е тие да бидат регистрирани согласно одредбите на Законот за трговски друштва, со што практично се остава простор да може да вештачат правни лица независно од дејноста за која се регистрирани и со која се занимаваат, а со тоа се создаваше и проблем со впишувањето на правните лица во Регистарот на правни лица.

Со решенијата содржани во предложениот закон, сега тоа е прецизирано со воведувањето јасни и построги критериуми и услови што мора да бидат исполнети за да може едно правно лице да се впише во Регистарот, односно за да

може да врши вештачење. Во таа насока, со новите решенија се бара правното лице да биде „трговско друштво *регистрирано за дејноста вештачење* согласно Законот за трговските друштва, кое *вработува најмалку три физички лица – вештаци што имаат засновано работен однос на неопределено работно време*“. Ова значи дека сега не е доволно само правното лице да биде регистрирано согласно Законот за трговски друштва, туку мора да биде регистрирано *за дејноста вештачење*, а истовремено мора да има и *вработено најмалку три физички лица – вештаци што имаат засновано работен однос на неопределено работно време*. Доколку правното лице не ги исполнува овие критериуми, нема да може да биде запишано во Регистарот на правни лица што вршат вештачење и со тоа нема да може да врши вештачења. Единствените правни лица што се исклучок од овие критериуми се: високообразовна установа, научна установа, стручна установа или орган на државна управа врз основа на овластувања утврдени со закон. Кај нив не се бара исполнување на условите како кај останатите правни лица, па затоа во предложениот закон е додаден нов став што вели дека „високообразовна установа, научна установа, јавна установа, стручна установа и орган на државна управа може да вршат супервештачење во рамките на своите надлежности определени со закон, без оглед дали имаат вработено три физички лица – вештаци, а лицата што го изработуваат супервештачењето не е потребно да имаат лиценца за вештачење“.[9]

Во однос на физичките лица, предложениот Закон ги задржува истите улови како и постојниот – односно лицето да го има положено испитот за вештак и да има лиценца за вештачење.

### 4. Испит за вештак со соодветно образование

Предлог-законот предвидува значајни измени кај испитот за вештак. Според постојниот Закон од 2023 година, испитот се полага поради проверка на потребното знаење од соодветната област за која се бара лиценца за вештак. Предлог-законот за вештачење предвидува нов концепт на испитот со цел проверка на потребното знаење за вештачењето како дејност, формата во која се врши вештачењето и постапките во кои се применува вештачењето, а не проверка единствено на знаењето од соодветната област за која се бара лиценцата.

---

[9] Види: чл. 5 од Предлог-законот за вештачење.

Измени има и кај условите што едно лице треба да ги исполнува за полагање на испитот. Имено, Предлог-законот им дозволува полагање испит на лица со завршено високо образование од соодветната област со диплома со најмалку 240 кредити, но се заострува критериумот за потребно работно искуство како услов за полагање испит. Па така, наместо најмалку пет годни по дипломирањето, сега се бараат најмалку десет години работно искуство во соодветната област по дипломирањето, односно пет години по магистрирање или, пак, лицето да се стекнало со звање доктор на науки или со положен специјалистички испит. Истовремено, како услов се бара и со правосилна одлука да не му е изречна забрана за вршење професија, дејност или должност сè додека траат последиците од забраната.

Предложените законски решенија ја отфрлаат можноста за стекнување лиценца за вештак без полагање на испитот – избришан е членот 20 од Законот за вештачење од 2023 година, кој предвидува дека лиценца за вештак без полагање на испитот може да стекнат лица што имаат дипломирано, магистрирано и докторирано на науки од областа од која бараат лиценца, поради тоа што сега смислата на испитот не е да го провери знаењето од таа област, туку да го провери знаењето на прописите од областа на вештачењето. Ова значи дека положен испит за вештак како услов за стекнување лиценца за вештачење се бара да имаат и лицата што се стекнале со звањето доктор на науки. Единствениот исклучок се однесува на специјалистите по судска медицина за кои Предлог-законот наведува дека не треба да го полагаат испитот за вештак за да се стекнат со лиценца.

Пред да го полагаат испитот, кандидатите мора да ја слушаат обуката организирана од Комората, чие времетраење во Предлог-законот е од најмалку 30 часа, што претставува намалување во однос на предвидените 60 часа во постојниот Закон.

Во однос на спроведувањето на испитот, според предложените одредби, тој се состои од два дела, и тоа: теоретски дел, со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите за регулативата од областа на спроведувањето вештачење, и практичен дел, кој се состои во проверка на способноста на кандидатите да изработат и да презентираат вешт наод и мислење.

Стручната служба на Министерството за правда утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот. Прецизиран е и составот на

испитната комисија и продолжено е времетраењето на нејзиниот мандат, наместо 3 години, на 4 години. На кандидатите што го положиле испитот, Министерството за правда им издава уверение во рок од 15 дена од денот на завршувањето на испитот.

**5. Издавање лиценца за вештачење**

Предлог-законот предвидува издавањето на лиценците да премине од надлежност на Министерството за правда во надлежност на Комората на вештаци. Согласно чл. 19 од Предлог-законот за вештачење, лицето што го положило испитот има право да поднесе писмено барање за издавање лиценца за вештачење до Комората според образец објавен на веб-страницата на Комората, при што во барањето за издавање лиценца за вештачење, лицето е должно да наведе во која област на вештачење бара да му се издаде лиценца. Со барањето се приложува и доказ за завршена обука, доказ за положен испит за вештак, како и доказ за платена административна такса. Комората на вештаци му издава лиценца за вештачење на лицето што ги исполнува условите. Заклетвата, која ја даваат вештаците при добивањето лиценца, претходно пред министерот за правда и пред претседателот на комората, согласно Предлог-законот, се дава само пред претседателот на комората.

**6. Регистри**

Предлог-законот содржи значајни измени во однос на водењето на регистрите и запишувањето на лицата во Регистарот. Имено, во постојниот Закон од 2023 година е предвидено дека во Регистарот на правни лица се запишуваат правните лица, без никакви дополнителни услови, што практично и ги создаваше најголемите проблеми во однос на впишувањето релевантни субјекти во Регистарот. Непостоењето критериуми за упис досега резултираше со правна празнина, од која како последица се појави правна несигурност и неможност за водење Регистар, што, пак, директно влијаеше врз работата на судовите, адвокатите, граѓаните и другите процесни субјекти во судските постапки.

Оттука, исклучително значајни се новите решенија што се конципирани во Предлог-законот. Во таа смисла, тој предвидува дека правното лице, за да се запише во Регистарот на правни лица, мора да ги исполни условите предвидени со законот, односно: да биде трговско друштво регистрирано за дејноста

вештачење согласно Законот за трговските друштва, кое вработува најмалку три физички лица – вештаци што имаат засновано работен однос на неопределено работно време. Па така, правните лица со барањето за упис во регистарот мора да достават доказ за:

- упис во трговскиот регистар со претежна/приоритетна дејност;
- вработување тројца вештаци од Агенцијата за вработување на РСМ; и
- осигурување.

Исклучок се високообразовна установа, научна установа, стручна установа или орган на државна управа, кои врз основа на овластувања утврдени со закон се овластени да вршат вештачење, кои *не се* запишуваат во регистарот (овие се и исклучок од условите што се бараат за другите правни лица основани согласно Законот за трговски друштва).

Во Регистарот на вештаци се запишуваат издадените, привремено и трајно одземените лиценци за вештачење, како и лиценците за вештачење што престанале да важат.

Во однос на содржината на Регистарот, таа е иста како и во постојниот Закон за вештачење од 2023 година, со тоа што сега Регистарот на правни лица што вршат вештачење содржи, освен податоци за називот, седиштето, ЕМБС и областа или областите на вештачење на трговското друштво, дополнително и податоци за вработените физички лица – вештаци во трговското друштво, како и доказ за осигурување од штета. Регистарот, пак, на вештаци ги содржи следниве податоци: име и презиме, адреса, телефонски број, електронско сандаче за прием на писмена и регистарски број на лиценцата на вештакот, областа на вештачење за која е издадена лиценцата, доказ за осигурување од штета, како и изречени правосилни дисциплински одлуки.

**7. Осигурување од одговорност**

Субјектите што вршат вештачење се должни да се осигурат од одговорност на штета, која може да ја причинат при вршење на вештачењето кон барателот на вештачењето или кон трето лице. Предлог-законот предвидува зголемување на минималниот износ за задолжително осигурување од одговорност на штета, и тоа од 3.000 евра за физички лица во постојниот закон

за вештачење на 10.000 евра во Предлог-законот, и од 20.000 евра за правни лица во постојниот закон за вештачење на 50.000 евра во Предлог-законот.

**8. Континуирана обука**

Континуираната обука претставува постојано стручно усовршување со цел проширување знаења и вештини поради стручно и ефикасно вршење на вештачењето. Вештакот е должен континуирано стручно да се усовршува, да биде во тек со научните достигнувања и методи во струката и да учествува на советувања, обуки и други форми на едукација. Континуираната обука е задолжителна за вештаците.

**9. Одземање на лиценцата за вештачење и престанок на лиценцата за вештачење**

Лиценцата за вештачење трајно се одзема ако: вештакот ја загуби деловната способност; лиценцата е издадена врз основа на неточни или лажни податоци; вештакот во постапка пред надлежен орган во која го врши вештачењето е казнет трипати парично во текот на една календарска година; со правосилна одлука е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност; ако е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци; ако е осуден со правосилна судска одлука за кривично дело давање лажен наод и мислење или ако е доставена одлука за одземање на лиценцата за вештачење од дисциплинската комисија на Комората за изречена дисциплинска мерка. На лицето на кое му е одземена лиценцата не може да се здобие со нова лиценца за вештачење од која било област.

Лиценцата за вештачење престанува да важи во две ситуации – по барање на вештакот или со смртта на вештакот.

**10. Бришење од Регистарот на вештаци**

За одземање лиценца за вештачење, Комората по службена должност ги известува Министерството за правда и Централниот регистар на РСМ. Министерот за правда донесува решение со кое вештакот се брише од Регистарот на вештаци. Против решението може да се поведе управен спор.

**11. Награда и надоместок**

За извршеното вештачење или супервештачење, вештакот има право на награда и право на надоместок за реално потребните трошоци. Висината на наградата за извршеното вештачење или супервештачење се утврдува според сложеноста на вештачењето, потребното време за прибирање на податоците и според изработката на вештачењето (наодот и мислењето). Висината на реално потребните трошоци се утврдува врз основа на реално потребните патни и дневни трошоци и врз основа на материјалните трошоци. Начинот за пресметување на наградата и надоместокот од овој член ги утврдува Комората со тарифник, по претходно позитивно мислење од министерот за правда.

**12. Доставување податоци**

Во однос на доставувањето податоци, предложените решенија предвидуваат дека институциите, установите, органите на државната управа, физичките и правните лица што вршат јавни овластувања во согласност со закон и органите што водат евиденции, регистри, јавни книги, збирки на лични податоци и други податоци, кои на вештакот му се потребни за изработка на вештачењето според услови утврдени со закон, се должни да му достават писмено барање на субјект што врши вештачење, без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена.

**13. Комора на вештаци и органи на комората**

Комората на вештаци е определена исто како и во постојниот Закон за вештачење, како самостојна и професионална институција на вештаци здружени за заштита и унапредување на стручноста, етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на вештачењето, за следење на односот на вештаците кон општеството и кон граѓаните, како и за заштита на вештаците. Членувањето во Комората е задолжително за сите вештаци. Комората ги има следниве акти: Статут, Кодекс на етика на вештаците, Правилник за дисциплинска одговорност и други акти во согласност со овој закон. Во Комората се основаат професионални одделенија во согласност со области на вештачење како основен облик на професионално поврзување и организирање на членовите на Комората. Органи на Комората се: Собрание на Комората, Управен одбор, Надзорен одбор, претседател на Комората и Дисциплинска комисија.

Во однос на органите на Комората, во Предлог-законот е проширена надлежноста на Управниот одбор, кој сега, покрај другите надлежности, одлучува и по предлог за трајно одземање на лиценцата за вештачење од Дисциплинската комисија, одлучува по приговор на вештакот против одлуката на Дисциплинската комисијата, а констатира и исполнетост на услови за престанок на лиценца за вештачење и за тоа го известува претседателот на Комората. Истовремено, тој ја носи одлуката за формирање на Дисциплинската комисија. Новите решенија предвидуваат и дека претседателот и членовите на Управниот одбор имаат мандат од четири години, со право на последователен избор. Претседателот на Комората, исто така, има право на последователен избор.

Од аспект на финансирањето на Комората, Предлог-законот предвидува дека примањето донации што го одобрува Управниот одбор мора да се објави на веб-страницата на Комората.

**14. Дисциплинска постапка**

***Дисциплинска комисија.*** Во Предлог-законот е прецизиран и доуреден составот на Дисциплинската комисија, како дисциплински орган на Комората. Комисијата е составена од петмина членови и нивни заменици, од кои двајца членови и нивни заменици се од редот на вештаците од соодветната област, еден член и негов заменик по предлог на Министерот за правда од редот на раководните државни службеници во Министерството за правда со стаж на правни работи повеќе од десет години по положен правосуден испит, еден член и негов заменик редовен професор од акредитиран правен факултет во РСМ и еден член и негов заменик-судија на предлог на Судскиот совет на РСМ. Членовите и нивните заменици што се од редот на вештаците се избираат од листата што ја утврдува Собранието по предлог на Управниот одбор, во зависност од областа на вештачење на вештакот против кој е поведена дисциплинската постапка. Членовите на Дисциплинската комисија што не се избираат од редот на вештаците се избираат од страна на Управниот одбор, со мандат од 4 години, со право на повторен избор. Одлука за формирање на

Дисциплинската комисија за поведување дисциплинска постапка донесува Управниот одбор.[10]

Новина е членот во однос на поведувањето на дисциплинската постапка, кој предвидува дека таа може да се поведе по пријава на судија, јавен обвинител, барател на вештачење, учесник во постапка што има правен интерес или друго заинтересирано лице, како и раководител на професионално одделение по сопствена иницијатива или на барање на вештаците што ги претставува, а кон пријавата мора да се достави и доказ за сторената повреда. Член или заменик-член на Комисијата е должен да се изземе ако тој се јавува како подносител на предлогот. Начинот и поблиските услови за водење на дисциплинската постапка се уредуваат со подзаконски акт на Комората.[11]

***Видовите дисциплински мерки*** се исто поставени како во постојниот Закон. Па така, за сторена дисциплинска повреда, на вештак може да му се изречат следниве дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна, привремено одземање на лиценцата за вештачење[12] и трајно одземање на лиценцата за вештачење. Јавната опомена, паричната казна, како и привременото одземање на лиценцата за вештачење ги изрекува Дисциплинската комисија, додека, пак, при изрекување на дисциплинската мерка трајно одземање на лиценцата за вештачење, Дисциплинската комисија поднесува предлог за трајно одземање на лиценцата за вештачење до Управниот одбор на Комората. Ова е ново решение, со оглед на тоа што во Законот за вештачење од 2023 година, предлогот за трајно одземање на лиценцата се поднесува до Министерот за правда.

***Дисциплински повреди.*** Што се однесува до дисциплинските повреди, дисциплинската мерка јавна опомена ќе му се изрече на вештакот ако: службените списи и податоци ги чува спротивно на прописите за архивско и канцелариско работење или ако го повреди должното почитување на судот или друг јавен орган што ја води постапката, на странките и другите учесници во постапката. Дисциплинската мерка парична казна ќе му се изрече ако: не плаќа редовно членарина, во текот на една година не посетил обука за континуирано

[10] Види: чл. 39 од Предлог-законот за вештачење.
[11] Види: чл. 40 од Предлог-законот за вештачење.
[12] При изрекување дисциплинска мерка привремено одземање лиценца, вештакот може да ги работи само предметите што се во тек, но не и да започне да работи нови предмети.

стручно усовршување или ако го повреди тарифникот за награда за извршено вештачење. Во случај ако вештакот ја повтори дисциплинската повреда за која може да се изрече мерка парична казна, тогаш се изрекува дисциплинска мерка привремено одземање на лиценцата за вештачење за период од три години, што е зголемување во однос на решението од постојниот Закон за вештачење од 2023 година, согласно кој привременото одземање на лиценцата за вештачење трае во период од 3 до 6 месеци.

Дисциплинската мерка трајно одземање на лиценцата за вештачење се изрекува ако: нестручно или несовесно извршил вештачење, подготвил наод и мислење спротивно на правилата на науката и струката, постапувал спротивно на Статутот на Комората, етичките норми и нормите за конфликт на интереси, презел дејство што во согласност со овој или со друг закон не смеел да го преземе, двапати неоправдано отсуствувал пред суд или пред јавен обвинител и пред друг државен орган кога бил повикан или не постапил според одлука, наредба и заклучок на надлежен суд или орган.

Новина што ја предвидува Предлог-законот е тоа што против одлуката на Дисциплинската комисија, вештакот, односно подносителот на пријавата има право на приговор до Управниот одбор на Комората во рок од 15 дена од приемот на одлуката, а одлуката на Управниот одбор се донесува најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на приговорот и таа е конечна.

***Застареност.*** Рокот на застареност за поведување дисциплинска постапка изнесува една година од дознавањето за повредата, но не повеќе од пет години од денот на сторувањето на повредата, што е зголемено во однос на рокот на застареност што е предвиден во постојниот Закон за вештачење, кој изнесува 3 години од денот на сторувањето на повредата.

***Извршување на дисциплинските одлуки.*** Конечните дисциплински одлуки донесени во дисциплинска постапка ги извршува Управниот одбор и се запишуваат во Регистарот на вештаци. Истовремено, во Предлог-законот е избришана одредбата од Законот од 2023 година, која предвидува дека мерката јавна опомена се брише од Регистарот на вештаци 6 месеци по нејзиното објавување.

## 15. Посебна постапка за стекнување лиценца за вештачење

Предложениот закон предвидува сосема ново уредување на посебната постапка за стекнување лиценца. Па така, лицето што не поседува соодветно високо образование, а има стручни квалификации за вршење одредена занаетчиска дејност што може да ги докаже со долгогодишно работно искуство и соодветна документација, може да се стекне со лиценца за вештачење во областа на занаетчиската дејност што ја издава Комората на конкретно барање на судот, јавното обвинителство или друг јавен орган пред кој се води постапка во која се појавила потреба од таков вид вештачење. Во ваквите случаи, Комората распишува итен јавен повик за сите лица што имаат стручни квалификации за вршење на конкретната занаетчиска дејност и располагаат со соодветна документација и работно искуство, и на првите тројца со најдолго работно искуство им издава лиценца за вештачење *без* спроведување постапка за обука и полагање испит. Од моментот на стекнување на лиценцата за вештачење, лицата должни се да ги исполнуваат одредбите за плаќање членарина во половина износ од останатите вештаци, како и еднаш годишно да приложуваат доказ до Комората за своја сопствена стручна надградба и континуирано усовршување и придржување до актите на Комората и правилата за дисциплинска одговорност исто како и останатите членови на Комората.[13]

**Divna Ilikj Dimoski[14]**

## TOWARDS BETTER QUALITY EXPERTISE IN COURT PROCEEDINGS – THE NEW DRAFT LAW ON EXPERTISE

Abstract

Determining whether the defendant in the criminal procedure is guilty or innocent, in great number of cases, depends on the expert witnesses. This is because, the judges and the prosecutors rely on the knowledge and the expertise given by the expert witnesses for clarifying and ascertaining the facts of the case, especially

[13] Види: чл. 45 од Предлог законот за вештачење.
[14] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Criminal Procedure Department.

regarding the issues and questions that are crucial for the outcome of the criminal procedure, but at the same time are outside of the skills and the theoretical and practical understanding of a subject and experience of the judge.

The author reflects on some of the main reasons that can lead to problems regarding the use of expert witnesses as evidence in criminal proceedings - on one hand, they are obliged to be objective and to give correct, impartial and unbiased expertise, but on the other they are proposed as evidence by the defence or the prosecutor, as parties in the criminal procedure. This opens the dilemma about their independence, which refers to the absence of bias or any influence that may compromise the impartiality of the expert's analysis. At the same time it raises the question about expert witnesses loosing their credibility by favouring the side that retained them.

The author emphasises that this question is essential for the access to justice and that is why it needs clear and modern legal regulation. In this sense, one step towards better guaranties in the area of the expertise in court proceedings are the new provisions of the Draft law on expertise. The proposed Law on expertise is setting clear and more strict criteria for registration in the Register of legal entities that perform expertise. Furthermore, the new provisions are redefining the exam for experts by focusing on how much the candidates for experts are familiar with the basic principles of expertise, whether they understand their role as expert witnesses in the court proceedings and the quality level that their expertise must have. At the same time, the Proposed law demands for mandatory insurance and sets clear rules for disciplinary liability, which promotes better accountability in every expert opinion. Additionally, the author notices the importance of strengthening the role of the Chamber of experts in different aspects, as in transferring the competence for issuing licenses for experts to the Chamber.

**Key words:** *expert witnesses, expertise, independence, Law on expertise, evidence, criminal procedure*.